# Помош за негователите

**Служби за одмена (Respite Services)**

Им овозможува на негователите одмор или мирување и им дава можност да се занимаваат со други активности. Ова може да биде:

- при некој центар кој пружа активности и излети и екскурзии.
- во заедницата
- дома



**Обука**

Стекнување на негователите со вештини за пружање нега и грижа.

## Други служби

**Водење на случаи**
Помош во наоѓање на помошта која ви е потребна.

**Помош за лицата со старска сенилност (деменција)**
На располагање е специјална помош за поткрепа на луѓето со старска сенилност (деменција) и на нивните негователи.

**Застапување на интересите**
Пружа информации, образование и помош за да ви помогне да ги разберете и користите своите права.

**Информации и советување**
Овие услуги им се достапни и на клинетите и на негователите.

# Позивни броеви

Ако сакате да дознаете каде можете да добиете помош, телефонирајте на следните броеви:

Сојузен Carelink центар....................................1800 052 222
Сојузен центар за информации, услуги и помош на негователи (Commonwealth Carer Resource Centre) ..............................................1800 242 636
Работник на програмата за помош дома и во мултикултурната заедница (Multicultural HACC Worker)....................................................................6205 1302
(Услужни служби и заедници – Service Providers and Communities)

## Мултикултурно водење на случаи во заедница

Служба за заедницата во северниот дел (Northside Community Service)……………………………………6257 2255
Служба за заедницата во јужниот дел (Southside Community Service)………………..……………………6232 6940
Социјална помош за хрватската заедница........... 6249 7756

| | |
|---|---|
| ENGLISH | If you need interpreting help, telephone: |
| ARABIC | إذا احتجت لمساعدة في الترجمة الشفوية ، إتصل برقم الهاتف : |
| CHINESE | 如果你需要传译员的帮助，请打电话： |
| CROATIAN | Ako trebate pomoć tumača telefonirajte: |
| GREEK | Αν χρειάζεστε διερμηνέα τηλεφωνήσετε στο |
| ITALIAN | Se avete bisogno di un interprete, telefonate al numero: |
| PERSIAN | اگر به ترجمه شفاهی احتیاج دارید به این شماره تلفن کنید: |
| PORTUGUESE | Se você precisar da ajuda de um intérprete, telefone: |
| SERBIAN | Ако вам је потребна помоћ преводиоца телефонирајте |
| SPANISH | Si necesita la asistencia de un intérprete, llame al: |
| TURKISH | Tercümana ihtiyacınız varsa lütfen telefon ediniz: |
| VIETNAMESE | Nếu bạn cần một người thông-ngôn hãy gọi điện-thoại: |

**TRANSLATING AND INTERPRETER SERVICE 131 450**
Canberra and District - 24 hours a day, 7 days a week
**HEALTH CARE INTERPRETERS 6205 3333**

hacc
*home and community care*
A JOINT COMMONWEALTH AND STATE/TERRITORY PROGRAM PROVIDING FUNDING AND ASSISTANCE FOR AUSTRALIANS IN NEED

© Australian Capital Territory, Canberra December 2003
Produced for Community Policy Division by ACT Health
Publication No 03/0688 (10,000)
http://www.act.gov.au

ACT Health

Community Policy Division

Macedonian

# Домашна поткрепа

*Пружа помош дома на стари немошни лица со умерени до тешки форми на инвалидност, на инвалидизирани млади луѓе и на нивните негователи*

Служби за домашна грижа и нега (HACC) во АЦТ

Australian Government
Department of Health and Ageing

building our city
building our community
ACT Government

# Помош за клиентите

## Дали имате право?

Ако сте старо изнемоштено лице или лице со некоја инвалидност или ако се грижите за некое такво лице, можеби ќе имате право на услуги од HACC службите.

Овие служби им помагаат на луѓето кои што сакаат да живеат дома но им треба некоја поткрепа и помош.

## Колку ќе кошта тоа?

HACC Services се заеднички финансирани од страна на владата на АЦТ и австралиските влади.

Повеќето од службите наплатуваат еден мал надомест зависно од вашиот приход, но сеуште ќе можете да ја добиете услугата ако не сте во можност да платите.

**(Пристапот кон услугите може да зависи од листата на чекање)**

## Домашна помош (вклучувајки и лична нега)

Помош со вршење на домашните обврски како на пример:

- капење, вршење нужда и облекување
- перење и пеглање
- чистење низ дома
- пазарување, банкарски работи, плаќање на сметки





## Социјална поткрепа

Поединечна поткрепа за клиенти како што е:

- пријателски посети/телефонски повик
- негователни активности
- пишување писмо
- пазарување
- лични потсетувања



## Домашно оддржување и преправки

Помош со работи кои ја подобруваат сигурноста и безбедноста околу домот, како што е:

- инсталирање на накосени патеки и огради за придржување
- измени во купатилото
- замена на прегорени сијалици
- чистење на олуци и одливи на вода
- помали столарски и водоинсталатерски работи
- градинарска работа – косење трева, кастрење на дрва и цвеќиња



## Превозни услуги

Превоз при:

- пазарување
- одменска нега и други социјални активности
- одење доктор и на медицински прегледи




## Прехрамбени услуги

Може да ви:

- сервира оброци при некој центар
- помогне при купувањето на храна
- ви испорача зготвени оброци дома



Можат да се приготват специјални оброци за луѓе на специјална исхрана (диета) поради здравствени, верски или културолошки причини.

## Домашна нега на болни

Професионалец за здравствена нега може да ве посети и ви пружи помош со здравствената грижа.

## Сродни здравствени служби

Услуги како што се:

- физикална терапија (physiotherapy)
- нега и лекување на болести на стопалата (подијатрија – podiatry)
- говорна терапија (speech therapy)
- работна терапија (occupational therapy)

